## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четвртото продолжение на Сто триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 мај 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Игор Ивановски, Цветанка Иванова, Ванчо Ѓорѓиев, Рафет Муминовиќ, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Лилјана Поповска, Гзим Острени, Тито Петковски, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Спиро Мавровски, Слободан Чашуле, Али Ахмети, Фазли Велиу, Тута Арифи, Џезаир Шаќири, Мендух Тачи, Ружди Матоши, Љупчо Балковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 24-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државна ревизија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државна ревизија, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Сепак, ќе бидам приморан поради неприсуството, а по барање на пратениците на претставникот на Владата да ја одложам седницата за половина час.

Објавувам пауза до 12,30 часот.

(По паузата).

Продолжуваме со работа.

Ги повикувам пратениците и претставниците на Владата да влезат во салата.

Застанавме кај претресот по Предлогот за донесување на закон.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон, а законот за тие кои што сега влегоа во салата е закон за изменување и дополнување на Законот за државна ревизија, со Предлог на закон.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, затоа што треба да се гласа.

Службите нека го утврдат бројот на присутните во салата.

(Објавувам пауза до 12,30 часот).

(По паузата).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Благодарам.

Сега сме присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои зледниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државна ревизија.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 57 гласале, 57 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 57 гласале, 57 за, нема воздржани и нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1, член 6 за бришење на став 1 и на став 4, член 7 за додавање нова реченица, за додавање нов член 10-а по членот 10, член 13 став 1 и на член 18 став 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 57 гласале, 57 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точка 25-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнвување на Законот за регистрирање на готовински плаќања.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници присутни, 48 гласале, 48 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 51 гласале, 50 за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници присутни, 50 гласале, 50 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точка 26-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесвување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, 55 гласале, 55 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, 55 гласале, 55 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам пререс по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, 53 гласале, 53 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точка 27-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 54 гласале, 54 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 53 гласале, 53 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 52 гласале, 52 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

Господине Макрадули повелете имате процедурално.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, во име на пратеничката група на СДС барам пауза од еден час.

**Љупчо Јордановски:** А, јас да дадам повеќе и да продолжиме со онаа седница што е најавена. Значи, ние ќе продолжиме после пауза од еден час со седницата која што е најавена како продолжение , а тоа е 134 седница.

Ги повикувам јавно сега претставниците на Предлогот на законот за изменување и

дополнување на Законот за државна помош, да бидат за еден час тука.

Во 15,00 часот продолжуваме со работа.